# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 5/2018 Пробиштип 15.01.2018 година Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.5 одржана на ден 12.01.2018 година, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за краткорочно домашно задолжување на општината Пробиштип во рамки на проектот Кредити за финансирање на општините во Република Македонија за реализација на проекти од ИПА компонента за проектот „Заеднички инвестиции во енергетската ефикасност„ бр. 26-23/3,
2. Одлука за краткорочно домашно задолжување на општината Пробиштип во рамки на проектот Кредити за финансирање на општините во Република Македонија за реализација на проекти од ИПА компонента за проектот „Био отпад„ бр. 26-23/4,
3. Одлука за распишување јавен оглас за Совет на млади на Општина Пробиштип бр. 26-23/5,
4. Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичка планска документација за издавање на урбанистичка согласносот за Миливоја Милосављевски Пробиштип бр. 26-23/6,
5. Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичка планска документација за издавање на урбанистичка согласносот за Душан Петров Кратово бр. 26-23/7,
6. Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичка планска документација за издавање на урбанистичка согласносот за Моне Спасов Пробиштип бр. 26-23/8,
7. Акционен план за извршување нај јавни работи во општона Пробиштип за 2018 година бр. 26-23/9,

8. Одлука за узвојување на Програма за работа на ТППЕ за 20018 бр. 26-23/10,
9. Одлука за усвојување на План за изведување на стручна настава и обука на работниците на ТППЕ Пробиштип за 2018 година бр. 26-23/11,
10. Одлука за давање согласност на Програма за работа и развој на ЈКП Никола Карев за 2018 година бр. 26-23/3,
11. Одлука за давање согласност на Финансов план со план за јавни набавки на ЈКП Никола Карев за 2018 година бр. 26-23/3,
12. Заклучок бр. 26-23/3-1
13. Заклучок бр. 26-23/4-1,

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-23//15<br>
15.01.2018 г.<br>
Пробиштип

ГРАДОНАЧАЛНИК НА<br>
ОПШТИНА ПРОБИШТИП<br>
Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл.весник на р.м. бр.61/04,96/04, 67/07, 156/09 , 47/11 и 192/2015 ) член 4 од Закон за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2005, 88/2008, 35/2011 и 139/2014). и член 36 од Законот за локална самоуправа ( Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на 12.01.2018 година донесе:

## О Д Л У К А
### За краткорочно домашно задолжување на општината Пробиштип во рамки на проектот Кредити за финансирање на општините во Република Македонија за реализација на проекти од ИПА компонента

Член 1

Со оваа одлука се уредува краткорочно задолжување на Општина Пробиштип кое ќе се оствари со домашно задолжување на општината кај Македонската банка за подршка на развојот.

Член 2

Целта на задолжувањето е реализација на проектот „ Заедничка инвестиција во енергетска афикасност„ кој го реализира Општина Пробиштип во рамките на Програмата за прекугранична соработка помеѓу Бугарија и Македонија - Interreg-IPA CBC CCI 2014TC16I5CB006 Број на Договор: РД-02-29-235/27.10.16 и Референтен број на договор: CB006.1.11.104 во партнерство со Општина Рила.

Член 3

Задолжувањето ќе се врши под следните услови:

- Износ за задолжување: 3.000.000,00 денари,
- Рок на отплата: 12 месеци

Член 4

Општина Пробиштип ќе се задолжи кај Македонската банка за подршка на развојот со предходна согласност од Минитерството за финансии и Владата на Република Македонија.

Член 5

Одлуката стапува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-23/3 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
12.01.2018 ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.61/04,96/04, 67/07, 156/09 , 47/11 и 192/2015) член 4 од Закон за јавен долг („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/2005, 88/2008, 35/2011 и 139/2014) и член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на 12.01.2018 година, донесе:

## О Д Л У К А
### За краткорочно домашно задолжување на општината Пробиштип во рамки на проектот Кредити за финансирање на општините во Република Македонија за реализација на проекти од ИПА компонента

Член 1

Со оваа одлука се уредува краткорочно задолжување на Општина Пробиштип кое ќе се оствари со домашно задолжување на општината кај Македонската банка за подршка на развојот.

Член 2

Целта на задолжувањето е реализација на проектот „ "Utilising Pay As Throw Systems and Autonomous Composting Units for Biowastes Managament in Touristic Areas- BIOWASTE" кој го реализира Општина Пробиштип во рамките на Програмата на ЕУ Interreg V-B Balkan Mediterranean 2014-2020" со референтен број 2156 и број на договор B MP1/22/21562017 во партнерство со Општина Катерини и Општина Јермасоја од Грција, Универзитет Гоце Делчев од Штип и Технолошки едукатиевн центар од Крит.

Член 3

Задолжувањето ќе се врши под следните услови:

- Износ за задолжување: 14.200.000,00 денари,
- Рок на отплата: 12 месеци

**Член 4**

Општина Пробиштип ќе се задолжи кај Македонската банка за поддршка на развојот со предходна согласност од Минитерството за финансии и Владата на Република Македонија.

**Член 5**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-23/4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
12.01.2018 ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36-г од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 12.01.2018 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

За распишување на јавен оглас за Избор на членови во Советот на млади на Општина Пробиштип

**Член 1**

Се распишува јавен оглас за избор на членови во Советот за млади на Општина Пробиштип.

**Член 2**

Јавниот оглас ќе се распише согласно одредбите од Статутот на Општина Пробиштип и Одлуката за основање на Совет за млади и ќе се објави на огласна табла, на Веб страницата на општина Пробиштип и на локалните медиуми.

**Член 3**

Јавниот оглас ќе трае 15 дена од денот на објавувањето.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-23/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
12.01.2018 ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл. весник на РМ"бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15 и 190/17) и член 15 од Статутот на Општина Пробиштип („Сл.гласник на Општина Пробиштип" бр.4/2005), на предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 12.01.2018 година ја усвои следната:

# О Д Л У К А
## за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува дека Општина Пробиштип со идна урбанистичко-планска документација ќе го вклопи бесправно изградениот објект од локално значење со намена А4 времено сместување (викенд куќа) изграден на КП.бр.1976/9, МВ Леговец, КО Древено , Општина Пробиштип, изграден од страна на Миливоја Милосављевски со адреса на живеење на ул.„4-ти Април„ бр.14 од Пробиштип.

Член 2

Со важечката урбанистичка планска документација бесправниот објект е изграден надвор од планскиот опфат и не се наоѓа во потенцијално нестабилна зона, а земјиштето на кое е изграден објектот е во сопственост на Миливоја Милосављевски и Славе Милосављевски.

Член 3

Се утврдува дека во идната урбанистичко-планска документација ќе се изврши проширување на планскиот опфат на град Пробиштип или ќе се донесе друг вид на урбанистичка планска документација и идната урбанистичко-планска документација ќе биде со намена А4-домување-времено сместување во викенд куќа.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-23/6 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
12.01.2018 ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл. весник на РМ"бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15 и 190/17) и член 15 од Статутот на Општина Пробиштип („Сл.гласник на Општина Пробиштип" бр.4/2005), на предлог на

Градоначалникот, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 12.01.2018 година ја усвои следната:

ОДЛУКА
за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува дека Општина Пробиштип со идна урбанистичко-планска документација ќе го вклопи бесправно изградениот објект од локално значење со намена А4 времено сместување (викенд куќа) изграден на КП.бр.1417, МВ Папрат, КО Гризилевци , Општина Пробиштип, изграден од страна на Душко Петров со адреса на живеење на ул.„Мирче Ацев„ бр.15 од Кратово.

Член 2

Со важечката урбанистичка планска документација бесправниот објект е изграден надвор од планскиот опфат и не се наоѓа во потенцијално нестабилна зона, а земјиштето на кое е изграден објектот е во сопственост на Душко Петров.

Член 3

Се утврдува дека во идната урбанистичко-планска документација ќе се изврши проширување на планскиот опфат на град Пробиштип или ќе се донесе друг вид на урбанистичка планска документација и идната урбанистичко-планска документација ќе биде со намена А4-домување-времено сместување во викенд куќа.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-23/7 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
12.01.2018 ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл. весник на РМ”бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15 и 190/17) и член 15 од Статутот на Општина Пробиштип („Сл.гласник на Општина Пробиштип” бр.4/2005), на предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 12.01.2018 година ја усвои следната:

ОДЛУКА
за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува дека Општина Пробиштип со идна урбанистичко-планска документација ќе го вклопи бесправно изградениот објект од локално значење со намена А4 времено сместување (викенд куќа) изграден на КП.бр.143/1 , МВ Џамбини ниви, КО Ратавица , Општина Пробиштип, изграден од страна на Моне Спасов со адреса на живеење на ул.„Нада Михајлова„ бр.17 од Пробиштип.

Член 2

Со важечката урбанистичка планска документација бесправниот објект е изграден надвор од планскиот опфат и не се наоѓа во потенцијално нестабилна зона, а земјиштето на кое е изграден објектот е во сопственост на Моне Спасов.

Член 3

Се утврдува дека во идната урбанистичко-планска документација ќе се изврши проширување на планскиот опфат на град Пробиштип или ќе се донесе друг вид на урбанистичка планска документација и идната урбанистичко-планска документација ќе биде со намена А4-домување-времено сместување во викенд куќа.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-23/8 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
12.01.2018 ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа (СлужбенВесник на општина Пробиштип бр. 4/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општинаПробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005), а во врска со член 83 и 84 одЗаконот за вработување и осигурување во случај на невработеност (Службен Весник на РМ бр.37/1997; 25/2000; 101/2000; 50/2001; 25/2003; 37/2004; 4/2005; 50/2006; 29/2007; 102/2008;161/2008; 50/2010; 88/2010; 51/2011; 11/2012; 80/2012; 114/2012; 39/2014; 44/2014; 113/2014;56/2015; 129/2015; 147/2015, 154/2015, 27/2016 I 119/2016), Советот на општина Пробиштип на седницата што се одржа на ден 12.01.2018 година го донесе следниот:

## АКЦИОНЕН ПЛАН
## ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЈАВНИ РАБОТИ
### во Општина Пробиштип за 2018 година

Со цел извршување на работи за одржување и заштита на животната средина и природата,како и одржување на јавната инфраструктура и локалните патишта и улици на територијата на општина Пробиштип се планира чистење на

банкини, патни канали, патниот појас на локалната патна мрежа во општина Пробиштип, кастрење на вегетација и чистење на наноси од земја и песок.

Напред наведените работи се од јавен интерес за граѓаните од општината, заради што се планира нивно извршување со времено ангажирање на работници согласно член 84 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Јавни работи ќе се изведуваат на следните локални патишта и улици:

1. Локален пат Пробиштип – Ратавица - Злетово
2. Локален пат Злетово – с.Лесново
3. Локален пат Пробиштип - с.Добрево - с.Древено
4.Локален пат Пробиштип - с.Плешенци – с.Горни .
5. Локален пат с.Долни Стубол – с.Стрисовци
5. Локален пат Стрмош - Дренак
6. Локален пат Пробиштип - с.Марчино
7. Патен правец Злетово - с.Турско Рудари - с.Шталковица
9. Улица „Миро Барага“
10. Локален пат - с.Лезово - с.Трооло
11. Пешачки патеки во градот Пробиштип
12. Фудбалски и тениски терени во Пробиштип

Како партнер учесник во реализацијата на планот за извршување на јавни работи на територијата на општина Пробиштип за 2018 година ќе биде ЈКП „Никола Карев” – Пробиштип, кој ќе придонесе со опрема и механизација за извршување на јавните работи.

За извршување на наведените програмски активности ќе бидат ангажирани најмногу 15 лица со скратено работно време, за период од најмногу 10 месеци. За времето и бројот на ангажираните лица ќе одлучи Градоначалникот во зависност од потребите за вршење на јавните работи. Ангажираните лица ќе бидат невработени лица евидентирани во Агенцијата за вработување кои ќе бидат избрани врз основа на јавен оглас.

Општина Пробиштип како организаторот на јавни работи од буџетот на општината ќе ги финансира сите трошоци за извршување на јавните работи, а кои се однесуваат на алат и опрема, ситен потрошен материјал и надоместок за извршување на јавните работи.

Финанасиски средства потребни за реализација на Акциониот план се:

1. 15 лица х 10 месеци х 6.000 денари надоместок/месец = 900.000,00 денари
2. 15 лица х 10 месеци х 667 денари персонален данок/месец = 100.050,00 денари
3. 15 лица х 10 месеци х 633 денари осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување/месец = 94.950,00 денари
4. Трошоци за набавка на алат и опрема (лопати, копачи, колички, заштитни ракавици, елеци и сл.) = 30.000,00 денари
5. Вкупно потребни средства за реализација на планот = 1.125.000,00 денари

Акциониот план за извршување на јавни работи на територијата на општина Пробиштип за 2018 година стапуава во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-23/9 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
12.01.2018 ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02,) и член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Сл.Гласник на општина Пробиштип 4/05, 25/14 и 29/15) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 12.01.2018 година, ја донесе следната :

О Д Л У К А
за усвојување на Програмата за работата на Територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2018 година

Член 1

Се усвојува Програмата за работата на територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2018 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Програмата за работата на територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2018 година бр. 19-18/2 од 03.01.2018 година.

Член 3

Одлуката стапува во со денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-23/10 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
12.01.2018 ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02,) и член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Сл.Гласник на општина Пробиштип 4/05, 25/14 и 29/15) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 12.01.2018 година, ја донесе следната :

О Д Л У К А
за усвојување на План за изведување на стручна настава и обука со работниците на Територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2018 година

Член 1

Се усвојува План за изведување на стручна настава и обука со работниците на територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2018 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Планот за изведување на стручна настава и обука со работниците на територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2018 година бр. 19-18/1 од 03.01.2018 година.

Член 3

Одлуката стапува во со денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-23/11 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
12.01.2018 ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14 и 29/15) и член 11 став 1 точка 8 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015 и 39/2016) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 12.01.2018 година, расправајќи по Програмата за работа и развој на ЈКП Никола Крев Пробиштип за 2018 година , ја донесе следната:

О Д Л У К А

за давање согласност на Програмата за работа и развој на ЈКП „Никола Карев“ - Пробиштип за 2018 година

Член 1

Се дава согласност на Програмата за работа и развој на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2018 година, усвоена со Одлука на Управен Одбор бр.02-929/1 од 29.12.2017 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Програмата за работа и развој на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2018 година бр.01-905/1 од 25.12.2017 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-23/12 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
12.01.2018 ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14 и 29/15) и член 11 став 1 точка 8 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015 и 39/2016) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 12.01.2018 година, расправајќи по Финансовиот план со план за јавни набавки на ЈКП Никола Крев Пробиштип за 2018 година , ја донесе следната:

О Д Л У К А

за давање согласност на Финансов план со план за јавни набавки на
ЈКП „Никола Карев“ - Пробиштип за 208 година

Член 1

Се дава согласност на Финансовиот план со план за јавни набавки на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2018 година, усвоен со Одлука на Управен Одбор бр.02-928/1 од 29.12.2017 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансовиот план со план за јавни набавки на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2018 година бр.05-904/1 од 25.12.2017 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-23/13 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
12.01.2018 ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 12.01.2018 година го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

1. Се става вон сила Одлуката за краткорочно домашно задолжување на општината Пробиштип во рамки на проектот Кредити за финансирање на општините во Република Македонија за реализација на проекти од ИПА компонента за проектот „Заеднички инвестиции во енергетската ефикасност„ бр.26-392/7 од 27.04.2017 година објавена во Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.57/2017 и истата не произведува никакво правно дејство.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-23/3-1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
12.01.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 12.01.2018 година го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

1. Се става вон сила Одлуката за краткорочно домашно задолжување на општината Пробиштип во рамки на проектот Кредити за финансирање на општините во Република Македонија за реализација на проекти од ИПА компонента за проектот „Био отпад„ бр.26-851/4 од 01.12.2017 година објавена во Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.3/2017 и истата не произведува никакво правно дејство.
2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-23/4-1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
12.01.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 12.01.2018 година разгледувајќи ја Програмата за работа и развој на ЈКП Никола Крев Пробиштип за 2018 година го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

1. Се задолжуваат ЈКП Никола Карев и Општина Пробиштип да формират тим со претставници од ЈКП Никола Карев, Општината и Советот на Општината кој ќе стапи во контакт со сите Месни заедници во општина Пробиштип заради организирано собирање на сметот по селата и зачувување на животната средина.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-23/12-1
12.01.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.